***Фондација БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ - Битола***

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
## НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ - БИТОЛА
## ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2025

***Битола, декември, 2020 година***

## ПОЗАДИНА

Формирањето на Фондацијата БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ – Битола се засновува на триесетгодишното искуство на нејзините основачи и претходници: ДЕТРА Центар Скопје, од 1991 година, Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје од 2007 година и БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ – Битола, од 2011 година. Во текот на изминатите скоро три децении овие три организации се обидуваа да одговорат на предизвиците на општествените и стопанските трансформации како целина и поединечните предизвици на определени актери на општественото живеење. Покрај фокусот на организациските науки и со нив сродните научни области, современите движења се повеќе го актуелизираат значењето на градењето на одржливи организации – јавни институции и претпријатија и микро, мали и средни претпријатија како и нивната регионална и меѓународна соработка. Токму тие процеси условија да се пристапи кон трансформација на БАС Институтот за менаџмент од академска научно-истражувачка организација кон Фондација со поширока мисија во областа на опшетствената одговорност за институционален развој на јавните и приватните институции на нашето општество. Со задржување на името на БАС ИМ во својот назив се сака да се задржи континуитетот во остварувањето на таа мисија на обезбедување на придонес во сите три клучни фази на научниот придонес кон општествениот развој: а) креирање на употребливо знаење во областа на организациските и сродни науки, б) споделување на тоа креирано знаење со заинтересираните страни и в) практикување на тоа знаење во обезбедување на организациска одржливост на јавните, приватните и граѓанските организации.

# СТРАТЕГИСКИ ФОКУС

## Стратегиска намера

Намерата на основање на Фондацијата е да се обезбеди високопрофесионален придонес во остварување на општествената одговорност за институционален развој на јавните, приватните и граѓанските организации на Република Северна Македонија за успешно остварување на нивните функции во општествениот развој како и нивно активно учество во регионалната, прекуграничната и меѓународната соработка.

## Визија на Фондацијата

Во 2025 година Фондацијата е препознаена како клучен играч во испораката на научно засновани услуги во областа на:

- ***Креирање на употребливо знаење*** во областа на следниве научни полиња: 506 Организациони науки и управување (менаџмент). Покрај овој фокус, заради интердисциплинарната поврзаност на појавите во полето на менаџментот, како аспекти во интердисциплинарните истражувања или како посебни комплементарни истражувачки проекти за теоријата и практиката на организационите науки и менаџментот, ќе се вршат истражувања уште и во следните *научни полиња:* 502 Демографија; 503 Економски науки; 505 Образование; 509 Јавна управа и администрација; 510Психологија; 511 Социологија; 514 Туризам и угостителство.
- ***Споделување на сопствено креирано и друго стекнато знаење*** со подобни форми на трансфер на оние на кои им е тоа потребно и корисно: обуки, семинари, конференции, симпозиуми и сл.
- ***Практикување на своето знаење и искуство*** во поддршка на организацискиот развој на организациите со кои работиме преку консултантски услуги; индивидуални, тимски и институционални менторства, синергирање на професионалниот развој на менаџментот и други форми.

## Мисија

Ние соработниците на Фондацијата БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ - Битола сме посветени со нашите истражувачки, обучувачки и консултантски активности да го поддржиме организацискиот развој на јавните установи, претпријатијата и граѓанските организации со кои работиме за тие да обезбедат врамнотежено задоволување на потребите на своите клучни интересенти (засегнати страни).

## Вредности и принципи

Во остварувањето на проектираната визија и практикувањето на мисијата, Фондацијата ќе се води од следниве вредности и принципи:

- Иницијативност
- Интегративност
- Посветеност
- Општествена одговорност
- Транспарентност

## ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ

## 1. Креирање на употребливо знаење

***а) Позадина***

Во сите научни и популарни трудови во областа на развојот на цивилизациите, постои општа согласност дека информатизацијата во сите сфери на општествениот живот претставува ТРЕТА ЦИВИЛИЗАЦИСКА РЕВОЛУЦИЈА (по аграрната како прва и индустриската револуција како втора цивилизациска револуција). Но, развојот, како и обично тука не запира. Не само продирањето на информатичката технологија во сите сфери на работењето и животот, туку и се позабрзаното меѓусебно поврзување на информатичките средства и процедури на информатичко-комуникациски технологии (ИКТ) ја навестува, кај се поголем број автори, ЧЕТВРТАТА ЦИВИЛИЗАЦИСКА РЕВОЛУЦИЈА - ***дигитализацијата***. Како повисока развојна фаза дигитализацијата го опфаќа не само процесот на имплементација на информатичката технологија и работа со нејзините продукти, туку и процесот на конверзија на текст, слики или звук во дигитална форма што може да ја обработи компјутер. Со тоа е овозможено вкупното институционално наследство да се трансформира во форма подобна за натамошна компјутерска обработка, складирање и користење. Така, секое работно место, директно или индиректно, а не само работното место што користи компјутер, станува зафатено со процесот на дигитализација.

Од досегашната консултантска практика на соработниците на БАС ИМ може да се констатира дека во најголемиот број организации во Република Северна Македонија (РСМ) постои висок степен на дигитализираност на одделни деловни функции, но отсуствува нивна интгерираност во единствен информатички систем. Со тоа значително е намален

степенот на искористеност на инсталираната ИТ опрема и на дигитализираноста на одделните деловни процеси.

Поврзаноста пак, на било која организација (фирма, установа и сл.) со своето опкружување има за последица две димензии: прво, брзо комуницирање преку компјутерските мрежи не само внатре туку и надвор од организацијата во вкупниот тнр. сајбер простор и второ, ранливост на организацијата од несаканите упади во сопствените бази на податоци.

Важноста од заштитата од несаканите сајбер закани услови и РСМ да изработи, усвои и применува посебна Национална стратегија за сајбер безбедност[1]. Од аспект на потребите и ограничувањата на дигитализацијата и сајбер безбедноста како организациски и менаџерски предизвик, значајни се следниве констатации во Националната стратегија:

- "Сè поголема е потребата од подигнување на свеста за примена на најдобри практики за заштита на ИКТ и информациите во малите и средните претпријатија."
- "Голем дел од Интернет корисниците во јавниот и приватниот сектор, како и сите останати корисници, немаат или имаат ниско ниво на познавања за најчестите сајбер напади (како што се фишинг, лажни е-продавници итн.), што е причина голем дел од нив да бидат жртви на напад за кој постојат едноставни превентивни и одбранбени механизми."
- "Постоечките наставни програми на сите нивоа на образование (основно и средно образование, како и сите циклуси на студии на универзитетите во Република Македонија) не ги задоволуваат во целост потребите за едуцирање и обука на стручни лица кои ќе одговорат на најновите предизвици и трендови во сајбер просторот. Од друга страна, потребата од вакви експерти е сè поголема."

Од аспект на интересот на порачувачот на оваа програма, Бизнис академијата Смилевски, иницијалниот преглед на постојните студиски програми во земјата покажува дека на овој предизвик соодветно се реагира со застапеност на голем број судиски програми за определени аспекти на компјутерската технологија како и со иновирање на содржните во постојните студиски програми. Но, наспроти тоа, сразмерно е мал бројот на студиски програми преку кои менаџерските кадри се подготвуваат за нивната улога во ерата на дигитализација на вкупното организациско работење (е-бизнис, бизниси информатика и сл.). Од ваквата иницијално согледана состојба преку достапните јавни документи, произлегува интересот на нарачувачот на оваа програма да се истражат ***организациските и менаџерските предизвици на дигатализацијата релевантни за дефинирање на стратегијата, политиката и содржината на дејноста на БАС*** во наредниот развоен период од 5 години.

---

[1] http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/ns_sajber_bezbednost_2018-2022.pdf

***б) Опфат***

На ниво на досегашната согледаност на релевантните аспекти на дигитализацијата, како можни истражувачки проекти во оваа програма се предлагаат:

2.1 Интересот на младите и возрасните за студирање и работење во ерата на дигитализација и сајбер-заштитата;
2.2 Дигитализираност и информатичка интегрираност на деловните процеси;
2.3 Третман на човечките ресурси и човечкиот капитал во ИТ компаниите;
2.4 Дигитализацијата и организациското разузнавање како организациски предизвик;
2.5 Дигиталниот маркетинг како интерна и аутсорсирана деловна функција;
2.6 Менаџментот на знаење и организациската меморија во ерата на дигитализацијата;
2.7 Дигиталното претприемаштво како современ предизвик;

***в) Очекуван ефект***

- Изработување на истражувачка студија и нејзино споделување на засегнатите страни

## 2. Споделување на истражувачки наоди, знаења и искуства

***а) Потреба и фокус***

БАС Институтот за менаџмент Битола како претходник на Фондацијата, од своето постоење се јавува како организатор на меѓународни научни конференции и коорганизатор на научен симпозиум, а исто така, организира и трибини, дебати и тркалезни маси за актуелни теми и проблеми од областа на менаџментот. Поради тоа, и во периодот 2021-2025 Фондацијата ќе продолжи со организирање на научни конференции и симпозиуми како значаен облик на научно-истражувачка работа на којшто научниот кадар ќе ги соопшти своите најнови научни резултати. Но, во овој период акцентот ќе биде ставен на организирање на трибини и дебати коишто ќе се фокусираат на обезбедување на размена на релевантни идеи за актуелните прашања со коишто речиси сите менаџери се соочуваат во деловниот свет. Целта на организирањето на вакви трибини и дебати е да стане вообичаена практика и постојано место на собирање и размена на мислењето на луѓето со различни уверувања, научни и општествени ставови, како би се на тој начин, во скромен обем, унапредувала аргументираната расправа и отвараат прашања за теми од интерес на Република Северна Македонија.

***б) Опфат***

Бројот на научни собири и трибини и нивната зачестеност е индикатор од една страна за сознајната продуктивност на научниот кадар, а од друга страна, индикатор на заинтересираност на установата, своите научни резултати да ги направи јавни и достапни, како би се овозможило нивно сознајно и практично делување.

Меѓународните конференции ќе продолжат да се одржуваат кон крајот на октомври и почетокот на ноември секоја втора година, со цел одбележување на роденденот на БАС Институтот за менаџмент Битола, на 10 ноември. Паралелно на тоа, а во соработка со Бизнис Академијата Смилевски, Институтот ќе организира и симпозиуми со цел споделување на искуства и знаење за предизвиците со кои се соочувале менаџерите и можни алтернативи за нивно решавање.

***в) Очекуван ефект***

Презентирање и постигнување на видливост на резултатите од научно-истражувачките програми на Институтот;

Аргументирана, непристрасна и објективна расправа за различни прашања;

Развој на нови партнерства.

## 3. Практикување на своето знаење и искуство

***а) Потреба и фокус***

Практкикувањето на своето знаење соработниците на Фондацијата го гледаат во јакнењето на инстиуционалните капацитети на клучните играчи на локалниот и регионалниот развој, вклучувајќи ја и прекуграничната соработка. Повиците за проекти од регионален и меѓународен карактер се можности коишто треба да бидат искористени. Проектите коишто по тој пат би биле реализирани и доволно финансиски исплатливи можат да генерираат доволно средства за долгорочна одржливост на работата на Фондацијата. Таквата финансиска инјекција, но и искуствата стекнати преку реализирањето на различни проекти ќе ги направат Институтот и неговиот тим посилни.

***б) Опфат***

Во наредниот четиригодишен период очекуваната динамика би била аплицирање на еден меѓународен повик, годишно или вкупно за целокупниот период 2020-2024, 4 до 5 аплицирани предлог проекти.

***в) Очекуван ефект***

- Финансиска сигурност и степен на сопствена финансиска способност.
- Проширување на вештините и стекнување на искуства за управување со меѓународни проекти;
- Стекнување на ,,историјат" и подобрување на бонитетот на Фондацијата БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола за аплицирање на други меѓународни извори за финансирање на проекти.

## 4. Комерцијални услуги

***а) Потреба и фокус***

Врз основа на креираниот Каталог на обуки на БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ Битола за различни видови на организации, една од активностите на Институтот во идниот период ќе биде организирање на обуки, работилници и останати консултантски активности во зависност од барањата на клиентите, а кои ги следат современите текови на промени во опкружувањето.

На овој начин Фондацијата и практично ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските компании и ќе се овозможат можности на постепено финансиско осамостојување на Институтот.

***б) Опфат***

Во наредниот четиригодишен период се очекува да бидат реализирани по две обуки на годишно ниво или вкупно 8-10 обуки за периодот 2020-2024 година.

***в) Очекуван ефект***

Дополнителни извори за поддршка и стабилност на финансиската структура на БАС Институтот за менаџмент Битола;

Унапредување на компетенциите на учесниците во личниот или професионален развој;

Континуирано развивање на капацитетите на Институтот за нудење на консултантски услуги на јавниот и приватниот сектор;

## 5. Развивање на партнерството

***а) Потреба и фокус***

Воспоставувањето, негувањето и развивањето на соработка со другите установи и организации во земјата и надвор од неа останува определба на Институтот и во наредниот период. Во рамките на веќе воспоставените партнерства, идната соработка ќе продолжи преку заедничка подготовка на проектни апликации и организирање на заеднички научни конференции.

***б) Опфат***

Очекуваната динамика би била потпишување на еден Меморандум на соработка со релевантна институција годишно или вкупно 4 Меморандуми за соработка за четиригодишниот период.

***в) Очекуван ефект***

Соработка на проектни активности;

Организација на заеднички конференции, симпозиуми и дебати;

Поврзување на постоечкиот кадар;

Размена на материјали и информации од заеднички интерес;

Соработка во областа на едукацијата и стручното оспособување;

## 6. Издавачка дејност

***а) Потреба и фокус***

Посебна целина од работата на БАС Институтот за менаџмент сочинува и издавачката дејност. И во наредниот четиригодишен период издавачката дејност ќе подразбира литература и изданија кои се во служба на развојот на научната дејност и подобрување на наставната дејност на БАС. Најголем дел од издавачката дејност ќе се заснова на потребите на Меѓународната научна конференција, односно издавање на Зборникот на апстракти.

***б) Опфат***

Електронски зборници од Меѓународните научни конференции;

Издавање на книги, учебници, научни трудови.

***в) Очекуван ефект***

Обезбедување на квалитетна литература за потребите на наставната и научно-истражувачката дејност;

## 7. Општествена одговорност

***а) Потреба и фокус***

Општествената одговорност на секоја организација, вклучувајќи го и Институтот произлегува од фактот дека нејзиното работење е непрекинато поврзано со различните општествени процеси.

Целта во наредниот период ќе биде градење на стабилни и долгорочни односи со сите засегнати страни во локалната или пошироката заедница.

***б) Опфат***

Учество во активности кои носат корист за целото општество според индивидуалните и институционални капацитети;

***в) Очекуван ефект***

Унапредување на функционирањето и развојот на општеството во најразличните области на живеење и работење.

Битола, декември 2020

Фондација БАС ИНСТИТУТ ЗА
МЕНАЏМЕНТ
Директор
Цветко Смилевски

___________________________